Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

До:
Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
Гоце Делчев 18 (зграда на МРТВ – 14 кат)
1000, Скопје

Управа за јавни приходи
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Број: 02- 351/1
Датум: 12.01.2026 13-01-2026

Врска: Имеил godisniizvestai@aspi.mk од 25.12.2025 година
Предмет: Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Управа за јавни приходи

Почитувани,

Согласно член 36 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ,, број 101/2019), во прилог на овој допис Ви доставуваме Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Управа за јавни приходи за 2025 година.

Контакт лице УЈП: Маја Саздовска, е-пошта: maja.sazdovska@ujp.gov.mk, моб. 076/446 581

Прилог:

- Годишен извештај

Со почит,

Изработил: Маја Саздовска

Директор
М-р Елена Петрова

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии-Ministria e Financave
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ-DREJTORIA E TË HYRAVE PUBLIKE
ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА-DREJTORIA E PËRGJITHSHME
Скопје-Shkup



Твој данок, твоја иднина!

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)

Управа за јавни приходи – Генерална дирекција Скопје
Бул.„Кузман Јосифивски Питу„ бр.1
1000 Скопје

Службено лице
Маја Саздовска
Емаил: maja.sazdovska@ujp.gov.mk

го подготви следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## (од 1.01.2025 до 31.12.2025)

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;
Маја Саздовска тел.076/446-581
Емаил: maja.sazdovska@ujp.gov.mk

2. Број на примени барања;
Во периодот за кој се дава овој Годишен извештај јануари –декември 2025 година примени се вкупно 26 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

3. Број на позитивно одговорени барања;
Од вкупно примени 26 барања за пристап до информација од јавен карактер, позитивен одговор согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер изготвен е за вкупно 19 барања.

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;
Од вкупно примени 26 барања за пристап до информација од јавен карактер одбиен е пристап до информации од јавен карактер за 3 барања до бараната информација согласно член 25 а в.в член 6 став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ", број 101/2019 од причина што информацијата која што е побарана претставува даночна тајна и е предвидена како исклучок од правото за пристап до информации согласно член 6 став 1 точка 3, додека пак за 1 барање е донесено решение за отфрлање на барање за пристап до информации од јавен карактер согласно член 17 став 3 од Законот од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

5. Број на неодговорени барања
Од вкупно 26-те примени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, три барања се пренесени за одговор во јануари 2026 година, од причина што истите се поднесени до имателот на информации од јавен карактер на ден 24.12.2025 година.

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);

Од вкупно 26 примени барања за пристап до информации од јавен карактер, за три барања се донесени решенија за одбивање на пристап до информации од јавен карактер согласно член 6 став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер,додека пак за едно од трите одбиени барања заведено со архивски број 02-6247/1 од 08.08.2025 година, изготвено е до подносителот на барање за пристап до информации од јавен карактер Известување со барање за дополнување на податоци бр.02-6247/2 од 22.08.2025 година согласно член 17 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на кое барање од страна на барателот во законски предвидениот рок од три дена од денот на приемот на известувањето со барање за дополнување податоци не е постапено и не е доставено дополнување, допрецизирање на бараната информација, а се со цел имателот на информации од јавен карактер да постапи по доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер, донесено е решение за отфрлање на барање за пристап до информации од јавен карактер бр.02-6247/5 од 11.09.2025 година. Од страна на барателот на информации до јавен карактер, поднесени се две жалби до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, првата жалба против известување со барање за дополнување податоци заведена со архивски број 08-468 од 05.09.2025 година и втората жалба против решение за отфрлање на барање за пристап до информации од јавен карактер 08-468 од 24.09.2025 година. Од страна на Агенцијата, донесено е Решение согласно член 109 став 4 и 5 од Законот за општата управна постапка а врз основа на член 27 и 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кое решение жалбите на барателот се одбиваат како неосновани и решението за отфрлање на барање за пристап до информации од јавен карактер бр.02-6247/5 од 11.09.2025 година се потврдува.

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;

/

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата

/

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање

Од страна на Агенцијата со решение број 08-468 од 24.09.2025 година поднесената жалба ја одбива како неоснована согласно член 109 ст.4 и став 5 од Закон за општа управна постапка и член 27 34 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.

/

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**12.01.2026**
**(Скопје)**

**Управа за јавни приходи – Генерална дирекција Скопје**

**Директор,**
**М-р Елена Петрова**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Ministria e Financave
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ - DREJTORIA E TË HYRAVE PUBLIKE
ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА - DREJTORIA E PËRGJITHSHME
Скопје - Shkup